Врз основа на член 7, алинеја 9 од Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник“ на Република Македонија број 72/07, 5/09, 43/14, 193/15, 39/16, 164/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 190/19), Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руалниот развој го објавува следниот

**Ј А В Е Н  П О В И К  б р . 0 3 / 2 0 2 5**
**за доставување на Барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2025 година**

## I. ПРЕДМЕТ НА ОГЛАСОТ

Предмет на овој оглас е доделување на финансиска поддршка за следните мерки:

| Код на мерка | Назив на мерката | Висина на поддршка за прифатливи трошоци по корисник |
|---|---|---|
| Мерка 131 | **Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност** | 15.000.000 денари |
| 131.2 | Инвестиции за унапредување на физичкиот потенцијал на земјоделската задруга и тоа:<br><br>- трактори;<br>- култиватори или мото-култиватори;<br>- опрема и приклучна механизација за припрема на почвата, садење или за берење/собирање/жнеење и транспорт;<br>- генератори и агрегати за обезбедување на електрична енергија на земјоделското земјиште;<br>- градежни материјали и елементи за конструкција на бунари и други зафати на површинска вода за наводнување на земјоделскиот имот на корисникот;<br>- системи за наводнување;<br>- хидротехничка опрема за одржување на системите за наводнување;<br>- опрема за загревање и климатизирање на заштитни простории;<br>- конструкции за поставување на заштитни мрежи и фолии;<br>- заштитни мрежи и фолии;<br>- системи против замрзнување (антифрост системи);<br>- навигациони системи за механизација и комбајни;<br>- опрема за производство на амбалажа за постбербени активности; | |

| | | |
|---|---|---|
| | - опрема за складишни капацитети;<br>- електрични огради за заштита од дивеч;<br>- опрема за пластеници и стакленици (вклучително и Хидропоника и/или Аеропоника);<br>- опрема за производство на енергија од обновливи извори за потребите на земјоделската задруга;<br>- градежни материјали и елементи за конструкција на капацитет за постбербени активности или купување на постоечки објект за постбербени активности;<br>- градежни материјали и елементи за конструкција на заштитни објекти за сместување на механизацијата и опремата;<br>- градежни материјали и елементи за конструкција на расадници со опрема за микроклиматски услови;<br>- услуги од трети лица за надзор и изведување на градежни работи;<br>- услуги од трети лица за инсталирање на опремата вклучително и софтвер; и<br>- услуги од трети лица за изработка на студии, елаборати, планска и техничка документација; | |

## II. КОРИСНИЦИ

**Право на користење на средства имаат следните субјекти:**

| Субјекти | Код на мерка |
|---|---|
| Земјоделски задруги регистрирани во Регистар на други правни лица во Централен регистар на Република Северна Македонија, согласно Закон за задругите и запишани во евиденција на земјоделски задруги при МЗШВ согласно Правилник за евиденција на земјоделски задруги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 79/25”) | Мерка 131 |

## III. ВИСИНА НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА

Средствата се наменети за инвестиции за набавка на нови основни средства, оперативни трошоци поврзани со набавените средства и останати трошоци предвидени со Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2025 година.

Максималната вредност на прифатливи трошоци по корисник за Мерка 131 изнесува 15.000.000 денари. Средствата се доделуваат за период на реализација на деловниот план и се исплаќаат на годишно ниво.

Финансиската поддршка од под-мерката 131.2 се доделува во износ до 90% од вкупно прифатливата вредност.

## IV. УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА И ДОКУМЕНТАЦИЈА КОЈА СЕ ПОДНЕСУВА

Барањата за поединечна подмерка се доставуваат во оригинален примерок.

Еден барател поднесува Барање за мерката во оригинал. Еден барател може да поднесе само едно Барање за една подмерка или најмногу 2 Барања по различни мерки земајќи ги предвид и останатите мерки од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2025 година.

Условите кои треба да ги исполнуваат барателите на средства се утврдени со:

- Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2025 година („Службен весник на Р.Македонија“ бр. 29/2025 и 88/2025)
- Закон за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Р.Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 88/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18 и 27/19, и „Службен весник на Р.Северна Македонија“ бр. 152/2019, 244/2019, 275/2019, 110/2021, 123/2022 и 65/2023)
- Правилникот за поблиски критериуми за избор на корисници по мерките за рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/2011, 80/2013, 35/2016, 101/2017 и 162/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 100/2019, 215/2019, 24/2020, 96/2021, 276/2021, 92/2021, 113/2022, 186/2022, 73/2023, 94/2023 и 69/2025)
- Правилникот за поблиските дополнителни услови за поддршката од мерките за рурален развој, прифатливите трошоци и висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник за поединечна мерка. („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/2011, 80/2013, 72/2014, 88/2015, 35/2016, 59/2016, 178/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 77/2019, 214/2019, 276/2021, 91/2022, 122/2022, 186/2022, 73/2023, 250/2023, 34/2024 и 69/2025)

Барателите на финансиска поддршка потребно е да поднесат уредно и целосно пополнето Барање за користење на средства за подмерка 131.2 заедно со пропратната документација наведена во Барањето.

Барателите кои ги исполниле условите за користење на средства за подмерката 131.2, се рангираат со бодување утврдено во Правилникот за поблиски критериуми за избор на корисници по мерките за рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/2011, 80/2013,

35/2016, 101/2017 и 162/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 100/2019, 215/2019, 24/2020, 96/2021, 276/2021, 92/2021, 113/2022, 186/2022, 73/2023, 94/2023 и 69/2025)

- **Барањата со ист број на бодови ќе се рангираат според датумот и времето на поднесување на Барањето.**
- **Барателите за подмерката 131.2 не смеат да започнат со реализација на инвестицијата пред потпишување на Договор за ко-финансирање со Агенцијата.**

## V. ПОДИГНУВАЊЕ НА ОБРАСЦИ И УПАТСТВА

Обрасците „Барање за финансиска поддршка“ и „Барање за исплата“ заедно со листата на потребни документи и Упатството за корисниците може да се подигне на веб страната на Агенцијата www.ipardpa.gov.mk,

Горенаведените обрасци може да се подигнат и директно во Агенцијата секој работен ден од 08:30 до 14:00 часот на адреса:

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**
**бул. „ 3-та Македонска бригада“ бр.20**
**(зграда на Македонија Табак блок Ц ) 1000 Скопје**

## VI. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ

Пополнетите Барања за користење/исплата на средства за подмерка 131.2 од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2025 година заедно со целокупната потребна документација се доставуваат на македонски јазик, во затворен коверт на кој на предната страна во горниот лев агол стои ознака “НЕ ОТВАРАЈ“ за Јавен повик број 03/2025 и назначување на шифрата на мерката/под-мерка за која се поднесува Барањето. Барањето може да се достави по препорачана пошта или лично во писарницата на Агенцијата, во спротивно Агенцијата не превзема одговорност за затурање или предвремено отворање на Барањето.

**Крајниот рок за доставување на Барањето за користење на финансиски средства за подмерката 131.2 е 09.06.2025 година.**

**Барањата доставени по предвидениот рок нема да бидат разгледувани.**

Подетални информации на контакт тел. (02) 3097-460 или на контакт е-маил адреса: ipardpa.info@ipardpa.gov.mk и
на веб-страната: www.ipardpa.gov.mk.

Контакт:

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој,**
**Сектор за одобрување на проекти и Сектор за одобрување исплата.**
Телефон 02 3097-460, секој работен ден од 08:30 до 16.00 часот
Е-пошта: ipardpa.info@ipardpa.gov.mk